**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

**Број 07-** 12484/1
22.09. **2010 година**
**Скопје**

АМСМ УСЛУГИ
ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА
Друштво за услуги за инспекција и испитување на возила
ДООЕЛ увоз-извоз Скопје
Бр. 03-608 / 22.09 2010 год.

Врз основа на член 8а од Закон за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" број 68/04, 127/06 и 114/09), министерот за транспорт и врски го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

СЕ ОВЛАСТУВА АМСМ Услуги – Центар за возила ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје да врши стручно оспособување на кандидати за добивање на сертификат за професионална компетентност на управител или овластено лице одговорно за превоз

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

АМСМ Услуги – Центар за возила ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје до Министерството за транспорт и врски поднесе барање на ден 13.08.2010 година за добивање на овластување за вршење на стручно оспособување на кандидати за добивање на сертификат за професионална компетентност на управител или овластено лице одговорно за превоз. Кон барањето АМСМ Услуги – Центар за возила ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје ја приложи потребната документација за вработените лица кои ќе ја вршат обуката, договор за закуп на деловен простор и опрема за спроведување на обуката.
При увидот во приложената документација и посетата на правното лице, Министерството за транспорт и врски констатира дека АМСМ Услуги – Центар за возила ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје ги исполнува условите предвидени во член 8а од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" број 68/04, 127/06 и 114/09) и одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Незадоволната странка од ова решение има право на жалба до Комисијата за решавање на управни работи во втор степен од областа на транспортот и врските и животната средина (транспорт и врски) урбанизмот, градежништвото и просторното планирање во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**МИНИСТЕР**
**Миле Јанакиески**

Достава на:
- АМСМ
- Сектор за патен сообраќај и инфраструктура
- Архива

Улица "Црвена скопска општина "број 4, 1000 Скопје, http://www.mtc.gov.mk, info@mtc.gov.mk
телефон :+389 (0)2 3112 735, факс: +389 (0)2 3 230 877